# ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ

**Сл. Весник на Р. Македонија бр.92/07 од 24.07.2007 год.**

### Член 1

Во Законот за комуналните такси ("Службен Весник на Република Македонија" број 61/2004 и 64/2005), насловот пред членот 18 **"КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ"** се менува и гласи: **"ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ"**.

### Член 2

Членот 18 се менува и гласи:

"1) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на правното лице, ако:

- не го плати утврдениот износ на таксата во пропишаниот рок (членовите 11 став 2 и 13 став 3) и
- не поднесе пријава до општинската администрација, до администрацијата на општините ви градот Скопје и до администрацијата на градот Скопје за настанатата таксена обврска (членовите 12 став 1 и 13 став 1).

2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот 1 на овој член.

3) Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на лице кое самостојно врши дејност за прекршоците од ставот 1 на овој член.

4) Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на граѓанинот за прекршоците од ставот 1 на овој член.

### Член 3

Во членот 20 тарифен број 10 ставот 1 се заменува со два нови става 1 и 2, кои гласат:

"1) За користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите, и тоа:

- 0,4 KV (домаќинства) по 25 KW/h;
- 0,4 KV (објекти на трговски друштва и занаетчии) по 50 KW/h;
- 10 KV по 100 KW/h;
- 35 KV по 150 KW/h; и
- 110 KV по 300 KW/h.

по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

2) Уплатата на средствата од став 1 на овој тарифен број за општините на градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата и градот Скопје се врши според надлежноста за одржување на јавното осветлување во определен процентуален сооднос утврден со Законот за градот Скопје".

**Член 4**

До утврдување на процентуалниот сооднос во Законот за градот Скопје, уплатата на средствата од членот 20 тарифен број 10 став 1 на овој закон ќе се врши во следниов процентуален сооднос:

| % за општината | | % за градот Скопје |
|---|---|---|
| Аеродром | 60% | 40% |
| Бутел | 70% | 30% |
| Гази Баба | 75% | 25% |
| Горче Петров | 75% | 25% |
| Карпош | 60% | 40% |
| Кисела Вода | 70% | 30% |
| Сарај | 85% | 15% |
| Центар | 40% | 60% |
| Чаир | 70% | 30% |
| Шуто Оризари | 90% | 10% |

Обврските што произлегуваат од должничко – доверителските односи меѓу градот Скопје и трговското друштво од членот 20 тарифен број 10 став 3 на овој закон настанати по основ на неплатена електрична енергија за осветлување на магистралните и собирните улици на подрачјето на градот Скопје ќе ги надоместат општините во градот Скопје од приходот по основ на такса за улично осветлување префрлени на сметка на општините во градот Скопје во периодот од 1 јули 2005 до денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Весник на Република Македонија".